

# ПАМЕТЕН ПАРКИНГ

**Се проценува дека до 30% од сообраќајот во еден град е предизвикан од возачи кои бараат место за паркинг. Решението Паметен паркинг на Македонски Телеком им помага на возачите да заштедат време за пронаоѓање слободно паркинг место, го намалува загадувањето и го намалува ризикот граѓаните да направат паркинг прекршоци.**

Решението Паметен паркинг на Македонски Телеком му помага на градот да управува со сите предизвици поврзани со водење ефективна услуга за јавно паркирање. Во својата основна верзија, решението едноставно го следи статусот на слободни/зафатени паркинг места, може да се користи за евиденција на влез во затворени паркинзи и може да ги прикажува клучните информации во мобилната апликација или на стратешки поставените знаци во близина на паркингот.
Решението дополнително може да се прошири со понапредни функционалности, како издавање дозволи за паркинг (станбени, за хендикепирани возачи, такси, градски автобуси и возила за достава), спроведување на прекршоците за паркинг, плаќање за паркинг услугата, па дури може и да контролира пристап до конкретни површини за паркинг.

## КОМПЛЕТНО РЕШЕНИЕ ОД ПОЧЕТОК ДО КРАЈ

ПОДАТОЦИ ЗА СЛОБОДНИ МЕСТА



ОСНОВНА ПОНУДА

Паметни сензори

Поврзување

Cloud софтвер

ПАРКИНГ ОПЕРАТОР




СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

## СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА РЕШЕНИЕТО

**Инфраструктура**

- **Сензори** кои се вградуваат во внатрешниот дел од подот на паркингот. Функционираат на принцип на мерење на промената на магнетното поле на земјата предизвикана од приближувањето на возилото во близина на сензорот.

**Систем за паметен паркинг**

- **Cloud базирана апликација** која собира информации за слободни и зафатени места од сензорите поставени на секое паркинг место во градот. Податоците се префрлаат на Cloud преку мобилната мрежа на Македонски Телеком.

- **Мобилна апликација** преку која корисниците се информираат за достапноста на паркинг местата во посакуваниот реон, добиваат насоки како да пристапат до најблиското слободно место, како и да платат за паркинг услугата.





## ПРИДОБИВКИ ОД РЕШЕНИЕТО ПАМЕТЕН ПАРКИНГ

- **Преглед на паркинзите во целиот град:** Информациите од приватните и јавните паркинзи можат да се комбинираат градот за да може ефективно да ја приспособи политиката за паркинг, користејќи ги сите достапни информации.

- **Податоци за зафатеност на паркинг местата во реално време:** Мобилната апликација дава податоци за слободни/зафатени паркинг места во реално време.

- **Подобрување на квалитетот на животот:** Паметните паркинг решенијата ги поштедуваат возачите на моторни возила од напорното барање паркинг и го подобруваат квалитетот на животот во градот.

- **Намалување на сообраќајот:** Истражувањата покажуваат дека возачите поминуваат 106 дена во текот на животот барајќи место за паркинг.

- **Намалување на загадувањето:** Секое барање паркинг место произведува до 1,3 килограми емисии на $CO_2$.


**КОНТАКТ**

Е-адреса: SmartCity@telekom.mk



**ПУБЛИКУВАНО ОД**

Македонски Телеком АД
Кеј 13 Ноември 6
1000 Скопје



**СЛЕДЕТЕ НÈ НА**

Веб: ict.telekom.mk/smart-city
LinkedIn: Makedonski Telekom AD